Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневните настани 08.12.2024

Денеска (08.12.2024) во 00.20 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода З.П.(33) и С.П.(37), двајцата од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (08.12.2024) во 00.25 часот во Скопје, во спортски центар на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода го лишиле од слобода С.К.(26) од Штип, затоа што кај него биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја и жолта прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (08.12.2024) во 01.35 часот во Скопје, во спортски центар на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода го лишиле од слобода П.М.(32) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (08.12.2024) во 01.20 часот во Градскиот парк во Скопје полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода А.К.(20) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (08.12.2024) во 02.00 часот во Скопје на подрачјето на Карпош полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода Т.Д.(37) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (08.12.2024) во 02.40 часот во Скопје во угостителски објект на подрачјето на Карпош полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода В.Г.(34) од виничко, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.12.2024 во 21.10 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.12.2024 во 21.00 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје ги лишиле од слобода Д.Ј.(41) и И.М.(36), двајцата од Куманово, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.12.2024 во 05.35 часот на Граничниот премин Деве Баир, на влез во државата, полициски службеници, го лишиле од слобода К.С.(48) од Р.Турција, кој управувал товарно возило „мерцедес" со полуприколка со турски национални ознаки, затоа што при извршена контрола констатирано било дека зелената карта за осигурување за полуприколката била фалсификувана. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 07.12.2024 во 11.30 часот на Граничниот премин Богородица, на излез од државата, полициски службеници ја лишиле од слобода Н.С.К.(44) од Узбекистан, затоа што при извршена пасошка контрола било констатирано дека приложила фалсификувана бугарска патна исправа. Таа била предадена на полициски службеници од Полициската станица Гевгелија за понатамошна постапка.

На 07.12.2024 во 11.15 часот на Граничниот премин Долно Блаце, на излез од државата, полициски службеници го привеле О.Х.(39) од Р.Турција, затоа што при извршена пасошка контрола констатирано било дека го пречекорил дозволениот престој во државата. Тој бил предаден на полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и readmisija-Скопје за понатамошна постапка.

На 07.12.2024 во 16.45 часот на Граничниот премин Долно Блаце, на излез од државата, полициски службеници го привеле Г.М.Е.(22) од Р.Турција, затоа што при извршена пасошка контрола констатирано било дека го пречекорил дозволениот престој во државата. Тој бил предаден на полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и readmisija-Скопје,за понатамошна постапка.

На 07.12.2024 околу 19.00 часот во СВР Куманово, било пријавено дека на крстосница од ул. „11-ти Октомври" и ул.„Србо Томовиќ" во Куманово, патничко возило „давеу ланос" со кумановски регистрациски ознаки, управувано од Ч.К.(57) од Куманово во Д.Р.(75), двајцата од Куманово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Д.Р., констатирани во Општата болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 07.12.2024 во 14.55 часот во Полициската станица Гази Баба Н.Ј.(49) од Скопје пријавил дека на ул.„Сава Михајлов" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 07.12.2024 во 16.00 часот во Полициската станица Гази Баба Б.М.(72) од Скопје пријавил дека на ул.„Сава Михајлов" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 07.12.2024 во 18.00 часот во Полициската станица Чаир S.M.(58) од Скопје пријавил дека на ул.„Александар Ѓердревски" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 08.12.2024 во период од 00.25 до 02.00 часот полициски службеници од СВР Тетово извршиле акциска контрола во угостителски објект во с.Неготино. При акциската контрола, внатре во објектот полициски службеници од ПО Гостивар, по судска наредба го привеле А.Х.(40) од с. Неготино, кој бил баран за издржување на казната затворска казна, и тој е спроведен во КПУ Затвор Тетово за издржување на казната. Потоа, во 01.20 часот во близина на угостителскиот објект бил лишен од слобода С.Т.(24) од с. Неготино, кој бил баран за мерка притвор во КПУ Затвор Скопје, согласно член 559 ст.1 од ЗКП. Тој е предаден Во КПУ Затвор Скопје за издржување на мерката. Исто така во 02.00 часот во објектот била затекната и приведена Л.Н.(40) од Р. Албанија, која го злоупотребила туристички престој, односно престојувала спротивно на целта. Таа е задржана во полициска станица за понатамошна постапка.

На 07.12.2024 во 20.15 часот во угостителски објект во Кавадарци полициски службеници од ОВР Кавадарци ги привеле 24-годишната С.Ш., од Демир Капија, Р.А.(42) од Кавадарци и А.П.(36) од село Ваташа, кавадаречко. При преглед кај С.Ш. биле пронајдени бела прашкаста материја и зелена растителна материја, а кај Р.А. бил пронајден нож. Предметите биле одземени и по целосно документирање на настанот ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 07.12.2024 во 21.52 часот полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода К.К.(18) и М.Д. (19) од Куманово, затоа што во парк "Сохолана" во Куманово учествувале во нарушување на јавен ред и мир со физичка пресметка помеѓу нив и неколку малолетници. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе следуваат соодветни пријави.

На 07.12.2024 околу 19 часот, во ОВР Струга лишен од слобода е Т.И.(61) од струшкото село Драслајца, кој претходно со рачна работна машина го нападнал В.К.(62) од истото село. По целосно документирање на настанот, против напаѓачот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.12.2024 во 05.30 часот, во струшкото одделение во струшкото село Велешта, пријавено е дека во угостителски објект сопственост на Р.Н.(47) од истото село, настанал пожар. Повредени лица нема. Интервенирала Територијалната противпожарна единица од Струга, а увид на местото извршија полициски екипи.

На 07.12.2024 во Струмица полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода Ш.М.(36) од Струмица. Тој бил осуден на казна затвор од десет години за сторени кривични дела „тешка кражба", а бил баран по потерница врз основа на наредба на Казнено поправна установа – Затвор Штип за доиздржување на шест години, седум месеци и 19 дена од казната. Лицето било спроведено во установата за доиздржување на казната.

Денеска (08.12.2024) во 09.50 часот во СВР Скопје, Д.П.(38) од Скопје пријавила дека на 07.12.2024 околу 21.30 часот на подрачјето на општина Аеродром, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од неколку лица, од кои еднот го познавал, а потоа му бил одземен мобилниот телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (08.12.2024) во 04.45 часот во СВР Скопје Н.Т.(46) од Скопје пријавил дека околу 02.45 часот во угостителски објект во Градскиот парк во Скопје бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (08.12.2024) во 00.50 часот во СВР Скопје А.С.(19) од с.Мирковци,скопско, пријавил дека околу 00.05 часот на подрачјето на Чаир бил физички нападнат од „Н" и уште четири други лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
На 07.12.2024 во 13.05 часот во Скопје на подрачјето на Чаир, полициски службеници од СВР Скопје го привеле Р.Б.(46) од Скопје, затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои вршеле службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.12.2024 во 15.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Кисела Вода, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.И.(45) и М.А.(29), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот, ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (08.12.2024) во 11.10 часот во Полициската станица Кисела Вода бил извршен службен разговор со Ж.П.(64) од Скопје по претходна пријава дека на 07.12.2024 околу 09.00 часот во семејниот дом во скопско село физички ја нападнал неговата 62- годишна сопруга. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.12.2024 во 13.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Шуто Оризари по претходна вербална расправија бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.Г.(45) и Ф.М.(50), двајцата од Скопје, а биле употребени и тврди предмети. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.12.2024 во 17.55 часот во СВР Скопје И.И.(32) од с. Арачиново, скопско, пријавил дека на подрачјето на Бит Пазар, додека се движел со патничко возило, бил сопрен од две лица кои се обидуле да го извлечат надвор од возилото и да го нападнат. Тогаш пријавителот извадил сигнален пиштол и испукал два пати во воздух, по што лицата го напуштиле местото на настанот. Нема повредени лица. Известен бил јавен обвинител. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (08.12.2024) во 04.15 часот во СВР Скопје, било пријавено дека на подрачјето на општина Аеродром настанал пожар во патничко возило „мерцедес" со скопски регистрациски ознаки, сопственост на Љ.С.(26) од Скопје. Од Бригадата за противпожарна единица пожарот бил изгаснат. Повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и се работи на расчистување на случајот.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Ресен поднесе кривична пријава против К.Р.(42) и А.Р.(40) од Ресен поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и трговање со оружје или експлозивни материи". На 14.11.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот и помошните простории кои ги користат пријавените, при што биле пронајдени и одземени пиштол „Бровинг", гасен револвер „Екол" и друго оружје и муниција.

На 08.12.2024 во 04.00 часот полициски службеници од СВР Битола во старата битолска чаршија во ноќен клуб во врска со член 396 од КЗ ги лишиле од слобода Ф.Н.(25), Д.К.(25) и И.Г.(25), сите од Битола. При преглед кај нив бил пронајден пиштол. Лицата се приведени во полициска станица Битола и по документирање на настанот ќе следува соодветна пријава.

На 07.12.2024 во 13.45 часот полициски службеници од СВР Битола, на ул.„Филип Втори Македонски" го лишиле од слобода Д.Б.(46) од Битола, бидејќи кај него биле пронајдени пиротехнички средства. По документирање на настанот ќе следува соодветна пријава.